УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
СЕКТОР ЗА ВОДИ
УП 1-11/5-2124/2024
Дата............................

ДО: ДПТУ ЖИК БОР ДООЕЛ
Ул. Пере Тошев бр.8
Кавадарци

ПРЕДМЕТ: Објава на барањето за продолжување на важноста на Дозвола за користење на вода за одгледување на риби

Почитувани,

Согласно член 35 став 1, од Законот за водите („Службен весник на Република Македонија бр. 87/08, 09/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и Службен весник на Р.С. Македонија 151/21), барањето со број УП 1-11/5-2124/2024 доставено на 18.11.2024 година од Ваша страна, треба да се објави во најмалку еден дневен весник кој ја покрива целата територија на Република Македонија. Заради транспарентноста на постапката препорачуваме барањето да се објави и во весник што се издава на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој зборуваат службен јазик различен од македонскиот. Земајќи во предвид дека објавувањето во дневниот весник е на трошок на барателот, Ви ја доставуваме содржината на објавата со цел истата да ја објавите согласно законот, најкасно во рок од 7 дена по приемот на овој допис.
..........................................................................................................................................

Министерството за животна средина и просторно планирање
на Република Македонија

О Б Ј А В У В А

Барање за продолжување на важноста на дозвола за користење на вода за одгледување на риби во кафезен систем во водите на акумулацијата Тиквешко езеро, м.в. “Дабчиња” КО Ресава, општина Кавадарци

Согласно член 30 став 1 од Законот за водите („Службен весник на Република Македонија бр. 87/08, 09/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и Службен весник на Р.С. Македонија 151/21), до Министерството за животна средина и просторно планирање доставено е Барање за продолжување на важноста на дозвола за користење на вода за одгледување на риби во кафезен систем во водите на акумулацијата Тиквешко езеро, м.в. “Дабчиња” КО Ресава, општина Кавадарци

Подносител на барањето:


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

ДПТУ ЖИК БОР ДООЕЛ
Ул. Пере Тошев бр.8
Кавадарци

Кафезниот систем со 64 кафези е дефиниран со следните кординати:

| Координати на точки | | |
|---|---|---|
| 1 | 7 581 274.32 | 4 583 733.21 |
| 2 | 7 581 225.39 | 4 583 723.05 |
| 3 | 7 581 230.08 | 4 583 700.07 |
| 4 | 7 581 279.00 | 4 583 710.23 |
| 5 | 7 581 181.00 | 4 583 714.00 |
| 6 | 7 581 186.00 | 4 583 691.00 |

Информации во врска со барањето, заинтересирана јавност може да добие во Министерството за животна средина и просторно планирање на e-mail b.apostolova@moepp.gov.mk. Засегнатата јавност, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на барањето, има право да достави мислења и коментари во писмена форма до Министерството за животна средина и просторно планирање на адреса, плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, 1000 Скопје.
……………………………………………………………………………………………………………………………………………………

Имајќи го во предвид наведеното, а со цел продолжување на постапката, потребно е до Министерството за животна средина да доставите доказ за извршената објава.

Со почит,

Управа за животна средина
Директор
Игор Никоски

Изработил: Билјана Апостолова, Виш соработник

Контролирал: Мелита Гочевска, Раководител на одделение
Согласен: Ylber Mirta, Раководител на сектор

:


Министерство за животна средина и просторно планирање на
Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk